# Quo vadis, студенту?  Правата на студентите во 21 – от век!

Добар ден почитувани и добре дојдовте во 21 век! Тука слободно може да се послужиме со живот каков што ни одговара. Имаме опција да живееме баш онака како што ние сакаме, се разбира во границите на нормите и правилата. Имаме право да избираме факултет по наша желба. А ако сме нешто расположени за повеќе учење, тогаш може да запишеме и втор факултет бесплатно! Ни нудат доживотна гаранција дипломиран студент. А имаме право на избор магистер или доктор на науки. Изборот е наш!

Покрај толку голем избор секој би посакал да биде студент. И јас сум студент. Не поради срамот да немам факултет, туку поради желбата што ја имам да се едуцирам. Добро кажал големиот Мартин Лутер Кинг: „Ништо во светот не е поопасно од искреното незнаење и свесната глупост”. Но нели, нас секогаш поопасното ни е послатко, па опиени од таа помисла не уживаме во нашите можности и права.

Правата кои ги имаме ние како студенти, припаѓаат на иста основа за секој од нас, без обзир кој сме, од каде сме и каде припаѓаме. Тие не се привилегија за „татините синчиња”, и неможат некому да бидат доделени или одземени. Тие се еднакви и универзални за сите студенти.

Но што со оние студенти кои свесно ги злоупотребуваат овие права?  Што со оние обучени препишувачи? Од формули под ноктите, белешки во косата, до ливчина во чевлите. Што со нив? А сте се запрашале ли за студентите кои веќе имаат одредено цена на испитот? Студентите нудат или професорите бараат? Зарем корупцијата успеа да си најде место и во образованието? Не мислите дека уживаме право на фер и коректно оценување?

Целта на студентите е да се стекнат со образование, а замислете некои „залутани студенти”, ја земаат дипломата за да ја сликаат на социјалните мрежи. Но да се разбереме, дипломата не е слика, која треба да ја постираме за да собериме лајкови на Facebook. На дипломата треба да гледаме како неповратен билет со кој ќе ги оствариме животните цели. Не мислам на билет кој ќе не транспортира до

Германија за да работиме како ефтина работна сила, мислам на билет кој ни отвара работни места, тука, во нашата Република Македонија.

Ако би оделе по златната изрека „ тоа што ќе го посееш, тоа и ќе го жнееш", во реалноста тоа би значело: Студирај некои добри 4 години, стекнисе со квалитетни студии и бирај ги оние предмети кои сакаш да ги изучуваш. Обучувај се преку практична настава, и бирај редовен или вонреден студент. Положи ги испитите со доволно висок просек, па државата ќе те награди со стипендија. Така мотивиран, земи ја дипломата и не запирај, брзај до твоето посакувано работно место!

Знам и сигурна сум дека звучи толку перфектно и идеално, но комплицирано за реализација. Некои можеби нема да се согласат со мене, и ќе речат тешко е да бидеш студент. Да, тешко е. Како студенти имаме празни џебови, а полно неостварени идеи. Сакаме власт, а немаме моќ. Имаме вишок на енергија, а ја трошиме на учење. Но, тоа не треба да не спречи. Тоа е една добра подлога за оној потежок дел од животот, за живот после студирањето.

Ех, македонски студенту каде беше, а кај си сега? Што правеше, а што правиш? Зарем ќе дозволиме да бидиме безгласна буква? Дојде време да се свестиме. Ако не сега кога? Ако не ние кој? Ајде да го направиме првиот чекор. Да ги отфрлиме црните мисли и да ја облечеме оптимистичката униформа. Сигурна сум дека само на таков начин можеме да успееме.

Сара Димеска